Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 16.03.2021

На 15.03.2021 околу 18.45 часот на локалниот пат што ги поврзува тетовските села Брезно и Лешок, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Ј.Н.(23) од тетовско Слатино и Б.М.(20) од Германија, затоа што при нивен и преглед на возилото „фолксваген голф" со тетовски регистарски ознаки, во кое се превезувале, била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот на Ј.Н. и Б.М. ќе им бидат изготвени соодветни поднесоци.

На 15.03.2021 во 14.20 часот на Граничниот премин „Долно Блаце", по извршена проверка било констатирано дека Н.Т.(58) од Скопје се наоѓал на листата со мерка „апси" по судска наредба. Тој бил приведен и предаден на полициски службеници за понатамошна постапка.

На 15.03.2021 во периодот од 10.00 до 16.00 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Тетово спроведена е акциска контрола за брзина со која се движат возилата во и надвор од населено место. При контролата, реализирана на автопатот Гостивар-Тетово, во близина на Дебрешкиот натпатник и клучката за тетовско Камењане, биле откриени вкупно 55 возачи (ТЕ-29 и ГВ-26) кои ја пречекориле максимално дозволената брзина надвор од населено место, од кои 9 (ТЕ-4 и ГВ-5) за повеќе од 70 километри на час. Покрај ова, санкционирани се и 6 пречекорувања на брзината во населено место (ТЕ) кои биле регистрирани на регионалниот пат Тетово-Јажинце. На сите прекршители ќе им бидат изготвени соодветни поднесоци. При контролата, исто така, санкционирани се и 56 други видови прекршоци (ТЕ-55 и ГВ-1).

На 15.03.2021 во 12.30 часот во Полициската станица Карпош, Б.С.(71) од Скопје пријавил дека на ул.„Иван Цанкар" бил каснат од куче скитник.

На 15.03.2021 во 11.45 часот во Полициската станица Кисела Вода, С.Б.(76) од Скопје пријавил дека на ул.„Христо Татарчев" бил каснат од куче скитник.

На 15.03.2021 во 22.20 часот во Полициската станица „Табановце-железнички", вработен во Македонски железници пријавил дека во контејнер од товарен воз, кој сообраќал на релацијата Гриција-Романија, забележал 15 лица за кои се сомневал дека се мигранти. Полициски службеници извршиле преглед и констатирале дека 13 лица се од Авганистан и две од Пакистан. Лицата се сместени во Транзитен камп „Табановце" за понатамошна постапка.

На 16.03.2021 во периодот од 08.00 до 16.00 часот Полициската станица за безбедност на патниот сообраќај Штип на автопатот Штип – Миладиновци (од клучка Три Чешми до клучка Преод) спроведе контрола на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле откриени седум возачи кои управувале возила со брзина поголема од дозволената. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции.

На 15.03.2021 во 11.20 часот во СВР Штип било пријавено дека на крстосница од ул.„Сремски Фронт" и ул.„Џемал Бајдик" во Штип се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „ауди А3" со штипски регистарски ознаки, управувано од Д.Д.(49) од Штип и товарно моторно возило „ивеко-еурокарго" со штипски регистарски ознаки, управувано од Е.Р.(51) од Штип. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил Д.Д., а со телесни повреди се здобиле две лица од товарното возило Н.М.(37) и Д.М.(49), двајцата од Штип, констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа на СВР Штип.

Во текот на вчерашниот ден (15.03.2021) спроведена е зајакната акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина над дозволената на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 152 возачи.Засилените акциски контроли продолжуваат и во наредните денови.

На 15.03.2021 во 14.07 часот во СВР Битола било пријавено дека на регионалниот пат с.Витолиште, прилепско, кај влез за с.Штавица, патничко моторно возило „рено меган" со прилепски регистарски ознаки, управувано од Џ.М.(57) од Прилеп, удрило во метален заштитен браник на коловозот и излетало од коловозот. Во незгодата, возачот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската болница Прилеп. Извршен бил увид на местото на настанот од Јавен обвинител и увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

На 15.03.2021 во 18.55 часот на автопатот А-1, на потегот од с.Смоквица до с.Милетково, гевгелиско, полициски службеници од Полициската станица Гевгелија пронашле 24 лица-мигранти. Лицата се предадени на полициски службеници од Регионален центар за гранични работи Југ за понатамошна постапка.
СВР Охрид поднесе кривична пријава против Б.Ц.(64) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непоступување според здравствените прописи за време на епидемија". На 23.01.2021 година, полициски службеници извршиле контрола и констатирале дека пријавениот не се наоѓа во неговиот дом, со што го прекршил решението за самоизолација издадено од Државниот здравствен и санитарен инспекторат со цел заштита од вирусот Ковид 19.

На 15.03.2021 околу 14.30 часот, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар во гостиварски Добридол го лишиле од слобода 23-годишниот А.И. од гостиварско Ѓурѓевиште, кој со товарно моторно возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки превезувал огревни дрва без потребните документи. Возилото и дрвата со потврда се одземени и предадени и се на Шумска полиција за натамошна постапка. Се расчистува случајот и против А.И. ќе следува поднесок.

Денеска (16.03.2021) околу 08.00 часот во СВР Тетово било пријавено дека во стан на улица „Кеј Вардар" во Гостивар настанал пожар. Како последица на пожарот, со повреди се здобиле 35-годишната С.Т. и нејзино малолетно дете и биле пренесени во гостиварската Општа болница „Ферид Мурад" за укажување на лекарска помош. Лекарите констатирале смрт на детето, додека С.Т. била пуштена дома. Со интервенција на гостиварската Територијална противпожарна единица пожарот бил целосно локализиран. Јавен обвинител и екипи од МВР и СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар ќе вршат увид на местото на пожарот, а по наредба на Јавен обвинител на телото на малолетникот ќе се врши одбукција.

На 15.03.2021 во 10.00 часот во СВР Скопје, Е.Б.(40) од Скопје пријавил дека на паркинг на подрачјето на Бит Пазар бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 15.03.2021 во 21.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Љубин, скопско, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Л.С.(44) и Е.Ш.(33), двајцата од с.Љубин. Сочинети записници за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 15.03.2021 во 13.15 часот во СВР Скопје, Н.А.(39) од с.Долно Коњари пријавил дека во с.Долно Коњари бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против Н.Д(51) од Свети Николе поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материјали". Пријавениот, неовластено држел две ловни пушки во помошен објект во с.Делисинци, светониколско.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Џ.Б.(44) од с.Долна Лешница, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување пари". На 12.03.2021, полициски службеници извршиле претрес во домот и помошните простории на пријавениот, при што пронашле две чанти и неколку коверти со поголема количина на разновидни банкноти - евра, швајцарски франци и кувајтски динари, како и повеќе заштитни маркици-холограми, односно фолитска лента со логото евро, хартија-хамер А4 формат на која се печатени дел од банкнотите и други предмети. Од Судија на претходна постапка на пријавениот му е одредена мерка притвор.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе, поднесе кривична пријава против Д.П.(51) и Г.Д.(42) од Свети Николе поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „незаконит лов". На 05.02.2021 во атар на с.Крушица, светониколско, пријавените без издадена дозвола од ловно друштво со ловечка пушка, сопственост на трето лице, ловеле дивеч. При извршена контрола, полициски службеници од ОВР Свети Николе во патничко возило „фолксваген шаран", сопственост на Г.Д., била пронајдена ловечката пушка.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Пробиштип поднесе кривична пријава против Д.С.(31) и правно лице од Пробиштип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непоступување според здравствените прописи за време на епидемија". На 07.03.2021 во 00.20 часот, во време на забрана за работа на угостителските објекти за посетители, Д.С., како сопственик и управител на угостителскиот објект, дозволил присуство на гости во објектот.

На 15.03.2021 околу 05.00 часот во СВР Тетово било пријавено дека во филијала на банка на ул.„Борис Кидрич" во Тетово непознати сторители со употреба на сила од банкоматот одзеле четири каси со пари. Увид на местото извршила увидна екипа на СВР Тетово и се преземаат мерки за расчистување на случајот.